Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 октомври 2018 година.

Бр. 08-6102/1 Претседател
24 октомври 2018 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател на Собранието на Република Македонија, м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16 и 83/18), во членот 7 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Филијала на странско друштво за осигурување од ставот (1) точка 2) на овој член е правно лице со дозвола за вршење работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување и со упис во Трговскиот регистар.".

Член 2

Во член 14 ставот (1) се менува и гласи:

„Акционер со квалификувано учество во друштво за осигурување не може да биде лице или правно лице:

1) на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;

2) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;

3) на кое му е изречена споредна казна:

- забрана за добивање дозвола за основање и работа на друштво за осигурување,
- одземање на дозвола за основање и работа на друштво за осигурување,
- забрана за основање на нови правни лица и
- привремена или трајна забрана за вршење на работи на осигурување;

4) кое во последните три години извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;

5) против кое е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;

6) кое е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на најмалку 10% од капиталот или правата на глас во тоа лице и

7) кое не ги почитува одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.".

Член 3

Во членот 15 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Акционерскиот капитал на друштвото за осигурување и сите натамошни негови зголемувања мора да бидат само во паричен облик и да бидат уплатени во целост. Во Трговскиот регистар целосно уплатениот акционерски капитал на друштвото за осигурување се впишува како основна главнина.“.

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 4

Во членот 19 став (3) по точката 4) се додава нова точка 5), која гласи:

„5) финансиската и економската состојба на лицето не е во согласност со вредноста на акциите што има намера да ги стекне;“.

Точките 5) и 6) стануваат точки 6) и 7).

Член 5

Во членот 23 став (1) точката 1 се менува и гласи:

„мора да има високо образование и пет години успешно работно искуство од областа на финансиите или осигурувањето или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување со активности соодветни на друштвото за осигурување во кое се именува и“.

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) по зборовите: „на управување мора“ се додаваат зборовите: „постојано да ги исполнуваат барањата од ставот (3) на овој член,“.

Во ставот (4) кој станува став (3) по точката 2) се додаваат две нови точки 2-а) и 2-б), кои гласат:

„2-а) на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите;

2-б) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;”.

Точката 5) се менува и гласи:

„кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;“.

По точката 6) се додава нова точка 7), која гласи:

„7) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Агенцијата за супервизија на осигурување, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на друштвото за осигурување и“.

Точките 7) и 8) стануваат точки 8) и 9).

По ставот (5) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Одредбата од ставот (3) точка 7) на овој член не се однесува на лица кои за првпат се именуваат за членови на орган на управување.".

Член 6

Во членот 28 став (1) по точката 2) се додаваат две нови точки 2-а) и 2-б), кои гласат:

„2-а) на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите;

2-б) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;“.

Точката 5) се менува и гласи:

„кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;“.

По точката 6) се додава нова точка 7), која гласи:

„7) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Агенцијата за супервизија на осигурување, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на друштвото за осигурување;“.

Точките 7) и 8) стануваат точки 8) и 9).

Во ставот (2) зборовите: „друго владејачко друштво во група на друштва за осигурување“ се заменуваат со зборовите: „друго друштво во група“.

По ставот (4) се додаваат два нови ставови (5) и (6), кои гласат:

„(5) Член на надзорен орган на друштво за осигурување мора постојано да ги исполнува барањата од ставот (1) на овој член.

(6) Одредбата од ставот (1) точка 7) на овој член не се однесува за лица кои за првпат се именуваат за членови на надзорен орган.".

Член 7

Во членот 32 став (1) по точката 10) се додава нова точка 11), која гласи:

„11) доказ за финансиската и економската состојба на основачот кој има намера да стекне квалификувано учество во друштвото за осигурување;“.

Точките 11), 12), 13), 14), 15) и 16) стануваат точки 12), 13), 14), 15), 16) и 17).
Во ставот (6) зборовите: „став (4) точки 2) и 8)“ се заменуваат со зборовите: „став (3) точки 2) и 9)“.

Член 8

Во членот 34 став (1) точката 3) се менува и гласи:
„лицата кои имаат намера да стекнат квалификувано учество во друштвото за осигурување не ги исполнуваат одредбите од членовите 18 и 19 од овој закон кои се однесуваат на давање согласност за стекнување квалификувано учество во друштво за осигурување;".
Точката 4) се менува и гласи:
„лицата кои се предложени за вршење на функцијата членови на органот на управување на друштвото за осигурување не ги исполнуваат условите од членот 23 од овој закон кои се однесуваат на давање согласност за вршење на функцијата член на орган на управување;".
Во точката 9) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка запирка.
Во точката 10) точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат две нови точки 11) и 12), кои гласат:
„11) од доставениот доказ се утврди дека финансиската и економската состојба на акционерот основач кој има намера да стекне квалификувано учество во друштвото за осигурување не се соодветни на акциите што планира да ги стекне и
12) лицата кои се предложени за вршење на функцијата членови на надзорниот орган на друштвото за осигурување не ги исполнуваат условите од овој закон кои се однесуваат на членови на надзорен орган на друштвото за осигурување.".

Член 9

Во член 36 ставот (1) се менува и гласи:
„Друштвото за осигурување и филијала на странско друштво стекнуваат својство на правно лице со уписот во Тровскиот регистар.".
Во ставот (3) зборовите: „судот е должен“ се заменуваат со зборовите: „друштвото за осигурување е должно“.

Член 10

Во членот 52 се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Друштвото за осигурување е должно на својата веб страница да ги објави општите и посебните условите на осигурување, како и нивните измени во рок од пет дена од нивното донесување.“.

Член 11

Во членот 62 став (3) зборовите: „одреди дополнителна мерка“ се заменуваат со зборовите: „донесе наредба“, а зборовите: „точката 10 од ставот (2) на членот 167“ се заменуваат со зборовите: „член 165 став (1) точка 6)“.

Член 12

Во членот 66 став (1) точката 3) се менува и гласи:

„вложувања согласно со членот 73-а став (9) од овој закон.“.

Член 13

По членот 73 се додава нов член 73-а, кој гласи:

„Член 73-а

(1) Друштвото за осигурување е должно да ги држи средствата од капиталот на друштвото на сметки и во пласмани во Република Македонија.

(2) Одделните вложувања на капиталот на друштвото за осигурување можат да изнесуваат најмногу до:

1) 60% од капиталот за вложувања во недвижности, како и капитални вложувања (вложувања во акции и удели) во други друштва за осигурување, финансиски институции и други правни лица и

2) 15% од капиталот за вложувања во аконтации и заеми што друштвото според Општите услови на осигурувањето ги одобрува со презентација на сопствените полиси за кои премијата е навремено уплатена, при што одделното вложување на друштвото за осигурување во вакви заеми не може да надмине 1% од капиталот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, друштвото за осигурување може неограничено да ги вложува средствата на капиталот во државни хартии од вредност, банки (освен за капитални вложувања) и да одобрува заеми на правни лица со обезбедување на банкарска гаранција, притоа почитувајќи ги принципите на ликвидност, сигурност и рентабилност.

(4) Заемите од ставот (3) на овој член се одобруваат со рок на враќање најмногу до една година.

(5) Вкупните финансиски вложувања на друштвото за осигурување во една банка можат да изнесуваат најмногу до 25% од капиталот на друштвото за осигурување.

(6) Вкупните финансиски вложувања на друштвото за осигурување кај поединечен субјект кој не е банка, можат да изнесуваат најмногу до 10% од капиталот на друштвото за осигурување.

(7) Под вкупни финансиски вложувања во смисла на овој член се сметаат капитални вложувања на друштвото за осигурување, купени должнички хартии од вредност освен државни хартии од вредност, дадени заеми, дадени депозити во банки, како и пресметана камата по основа на овие вложувања.

(8) Под вкупни вложувања во смисла на овој член се сметаат вкупни финансиски вложувања и вложувања во недвижности (земјиште и градежни објекти).

(9) По исклучок од ставот (1) на овој член, до 10% од капиталот, друштвото за осигурување може да вложува во земја членка на ОЕЦД или земја членка на Европската Унија, по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.“.

Член 14

Во членот 88 став (1) точката 3) се брише.

Точките 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15) и 16) стануваат точки 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14) и 15).

Член 15

Во членот 89 став (1) во точката 4) зборовите: „точки 3 и 4“ се заменуваат со зборовите: „точка 3“.

Во точката 5) зборовите: „точка 5“ се заменуваат со зборовите: „точка 4“.

Во точката 6) зборовите: „точка 6“ се заменуваат со зборовите: „точка 5“.

Во точката 7) зборовите: „точка 7“ се заменуваат со зборовите: „точка 6“.

Во точката 8) зборовите: „точка 8“ се заменуваат со зборовите: „точка 7“.

Во точката 9) зборовите: „точки 9 и 10“ се заменуваат со зборовите: „точки 8 и 9“.

Во точката 10) зборовите: „точка 11“ се заменуваат со зборовите: „точка 10“.

Член 16

Во членот 101 се додава нов став (1), кој гласи:

„(1) Друштвото за осигурување заедно со едно или повеќе друштва за осигурување може да соосигурува ризици во рамки на класите на осигурување за кои има дозвола за вршење работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.“. Ставот (1) станува став (2).

Член 17

Во членот 112 став (1) точката 5) се менува и гласи:

„да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;“.

По точката 5) се додаваат две нови точки 6) и 7), кои гласат:

„6) да не му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите;

7) да не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека

траат правните последици од пресудата за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик и". Точката 6) станува точка 8).

Во ставот (4) точка 2) зборовите: „точки 4 и 5 на овој член и" се заменуваат со зборовите: „точки 5), 6) и 7) на овој член и".

Точката 3) се брише.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Агенцијата за супервизија на осигурување може да донесе решение за одземање на дозволата за работа како овластен актуар, доколку овластениот актуар ги прекршил правилата на актуарската професија.".

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 18

Во членот 129 став (3) во алинејата 5 по зборовите: „Институтот на овластени ревизори" се додаваат зборовите: „и од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија".

Член 19

Во членот 134-в став (2) точката 6) се менува и гласи:

„да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;".

По точката 6) се додаваат две нови точки 7) и 8), кои гласат:

„7) да не му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите и

8) да не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик.".

Во став (5) по точката 3) се додава нова точка 4), која гласи:

„4) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (2) точки 6), 7) и 8) на овој член;".

Точките 4) и 5) стануваат точки 5) и 6).

Член 20

Во членот 134-е ставот (2) се менува и гласи:

„Акционерскиот капитал потребен за основање на друштво за застапување во осигурувањето изнесува 15.000 евра во денарска противвредност по курсот на Народната банка, на денот на уплатата. Акционерскиот капитал на друштвото за застапување во осигурувањето и сите натамошни негови зголемувања мора да бидат само во паричен облик и да бидат уплатени во целост. Во Трговскиот регистар целосно уплатениот акционерски капитал на друштвото за застапување во осигурувањето се впишува како основна главнина.".

Член 21

Во членот 138 став (1) точката 5) се менува и гласи:

„да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.".

По точката 5) се додаваат две нови точки 6) и 7), кои гласат:

„6) да не му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите и

7) да не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик.".

Во ставот (2) точка 2) зборовите: „точка 6" се заменуваат со зборовите: „точки 5), 6) и 7)".

Член 22

Во членот 148 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Акционерскиот капитал на осигурително брокерското друштво и сите натамошни негови зголемувања мора да бидат само во паричен облик и да бидат уплатени во целост. Во Трговскиот регистар целосно уплатениот акционерски капитал на осигурително брокерското друштво се впишува како основна главнина.“. Ставот (4) станува став (5).

Член 23

Во членот 150-а став (2) зборовите: „наплата на премијата“ се заменуваат со зборовите: „добивање фактура од страна на друштвото за осигурување“.

Во ставот (4) по зборот „премија“ се додаваат зборовите: „како и начинот, постапката и роковите за доставување на фактурата од ставот (2) на овој член“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Средствата од наплатената премија од страна на осигурениците кои се чуваат на посебна сметка согласно со ставот (1) на овој член, не влегуваат во имотот на осигурително брокерското друштво ниту во ликвидационата или стечајната маса.".

Член 24

Членот 153 став (2) се менува и гласи:

„Одредбите од членовите 159, 160, 163, 164 точки 1), 2) и 5), 165, 166 и 167 од овој закон соодветно ќе се применуваат на спроведување на супервизија од ставот (1) на овој член.”.

Член 25

Членот 154 се менува и гласи:

„(1) Стручен испит потребен за работа како овластен актуар (во натамошниот текст: стручен испит за актуар) можат да полагаат лица кои го исполнуваат условот од членот 112 став (1) точка 1) од овој закон.

(2) Стручниот испит за актуар се спроведува според Програма за стручен испит за актуар која ја донесува Агенцијата за супервизија на осигурување, а со која се пропишуваат предметите, содржината, прописите и литературата за полагање на стручен испит за актуар.

(3) Спроведување на стручен испит за актуар се состои од спроведување на обука и спроведување на испити, за секој предмет од програмата од ставот (2) на овој член.

(4) Стручниот испит за актуар се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување. Агенцијата за супервизија на осигурување со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на стручниот испит за актуар. Спроведувањето на стручниот испит ќе се изврши доколку на огласот се пријават минимум пет кандидати за полагање на истиот.

(5) Обуката за предметите од програмата од ставот (2) на овој член ја спроведуваат едукатори ангажирани од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

(6) Едукатор може да биде лице кое има завршено трет циклус – докторски студии од соодветната област за која спроведува предавање. Едукатор може да биде и лице кое е признат стручњак од праксата, од земјата и од странство и кое има работно искуство од најмалку десет години од соодветната област за која спроведува предавање.

(7) Испитите за предметите од програмата од ставот (2) на овој член се полагаат пред Комисија за спроведување на стручниот испит за актуар, формирана од Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Начинот на формирање и работењето на Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

(8) Испитот за секој предмет од програмата од ставот (2) на овој член се полага писмено по завршување на обуката за соодветниот предмет.

(9) Кандидатот го положил испитот за поединечен предмет од програмата од ставот (2) на овој член, доколку остварил најмалку 70% од можните бодови на испитот. Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар, за секој кандидат и за секој предмет поединечно, го оценува описно постигнатиот успех и тоа со: „Положил“, односно „Не положил“.

(10) Кандидатот кој не го положил испитот за некој предмет од програмата од ставот (2) на овој член, може само еднаш да го повтори полагањето на испитот по истиот предмет. Кандидатот кој двапати едноподруго не го положил испитот од еден предмет, го губи правото да ги полага преостанатите испити, но успешно положените испити му се признаваат при следно спроведување на стручен испит за актуар.

(11) Кандидатот кој не положил испит за некој од предметите од програмата од ставот (2) на овој член, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодувани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Агенцијата. Доставените писмени забелешки ги решава Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар најдоцна во рок од седум дена од денот на прием на забелешките.

(12) Стручниот испит за актуар се смета за положен доколку кандидатот успешно ги положи испитите по сите предмети од програмата од ставот (2) на овој член.

(13) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за актуар, Агенцијата за супервизија на осигурување им издава уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит за актуар.

(14) Формата и содржината на уверението од ставот (13) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(15) За обуката и за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот плаќа надоместок за стручен испит за актуар. Висината на надоместокот ја определува Агенцијата за супервизија на осигурување врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за актуар неопходни за спроведување на стручниот испит за актуар кои вклучуваат надоместок за едукаторите и членовите на Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар, патни трошоци и трошоци за сместување на едукаторите со место на живеење различно од местото на одржување на обуката и испитите, трошоци за изнајмување простор за одржување на обуката и испитите, трошоци поврзани со спроведување на обуката и испитите, трошоците за издавање Уверенија за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар и други логистички трошоци.
(16) Надоместокот од ставот (15) на овој член се уплатува на сметка на Агенцијата за супервизија на осигурување, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на обуката. Доколку надоместокот не се уплати на соодветната сметка и во рокот, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката, односно полагање на стручниот испит за актуар.
(17) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не ја посети обуката и не го полага стручниот испит за овластен актуар, уплатените средства се враќаат.
(18) Едукаторите имаат право на паричен надоместок кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, врз основа на обемноста и сложеноста на материјата, како и бројот и комплексноста на изготвените прашања.
(19) Износот на паричниот надоместок кој се исплатува за еден едукатор не смее да го надминува износот на пет просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година објавено од Државниот завод за статистика.
(20) Членовите на Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар имаат право на паричен надоместок за спроведување на испитот, кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.
(21) Начинот на спроведување на стручниот испит за актуар поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.“.

Член 26

Членот 154-в се менува и гласи:
„(1) Стручен испит за добивање дозвола за вршење на осигурителни брокерски работи можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од членот 138 став (1) точка 1) од овој закон. Полагањето на стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски услуги се спроведува според Програма за полагање на стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи која ја донесува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се пропишуваат предметите, градивото, прописите и литературата за полагање на стручен испит за вршење на осигурителни брокерски работи.
(3) Стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи се состои од два дела, и тоа:
1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.
(4) Првиот дел од стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи се полага по предметите:
1) основи на управување со ризик и осигурување;
2) законска регулатива од областа на осигурувањето;
3) трговско и облигационо право;
4) посредување во осигурување и етички кодекс;
5) осигурување на живот;
6) неживотно осигурување;
7) финансиски аспекти на работењето;
8) снимање на ризик и посредување при реализирање на штети и
9) реосигурување.
(5) Вториот дел од стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи се состои од:
1) практичен пример;
2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или
3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.
(6) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на својата веб страница деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи согласно со ставот (4) на овој член.
(7) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи се полага втор дел согласно со ставот (5) на овој член.”.

Член 27

Членот 154-г се менува и гласи:
„(1) Стручен испит за добивање дозвола за вршење на работи на застапување во осигурувањето можат да полагаат лица кои го исполнуваат условот од членот 134-в став (2) точка 2) од овој закон. Испитот се спроведува според Програма за полагање на стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето која ја донесува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се пропишуваат предметите, градивото, прописите и литературата за полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето.

(3) Стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето се состои од два дела и тоа:
1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.
(4) Првиот дел од стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето се полага по предметите:
1) основи на управување со ризик и осигурување;
2) законска регулатива од областа на осигурувањето;
3) трговско и облигационо право;
4) застапување во осигурување и етички кодекс; 5) осигурување на живот и 6) неживотно осигурување.
(5) Вториот дел од стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето се состои од:
1) практичен пример;
2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или
3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.
(6) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на својата веб страница деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето согласно со ставот (4) на овој член.
(7) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува на кои предмети од првиот дел од стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето се полага втор дел согласно со ставот (5) на овој член.”.

Член 28

Во членот 154-д став (1) по зборот „програма“ се додаваат зборовите: „за стручниот испит за вршење на осигурителни брокерски работи односно за вршење на работи на застапување во осигурувањето (во натамошниот текст: стручен испит)“.
Во ставовите (2) и (3) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 29

154-ѓ став (1) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 30

Во член 154-е ставови (1) и (2) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 31

Во членот 154-ж зборовите: „став (3)“ се заменуваат со зборовите: „став (4) и членот 154-г став (4)“.

Член 32

Во членот 154-з зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 33

Во членот 154-ѕ ставови (1) и (2) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 34

Во членот 154-и ставови (1) и (2) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 35

Во членот 154-ј ставови (1) и (2) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 36

Во членот 154-к ставови (1), (3), (4) и (5) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 37

Во членот 154-л ставови (1), (2), (3), (4), (7) и (9) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 38

Во членот 154-љ ставови (1), (2) и (3) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 39

Во членот 154-м став (1) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 40

Членот 154-н се менува и гласи:
„(1) Првиот дел од стручниот испит се полага по секој од предметите наведени во членот 154-в став (4) и членот 154-г став (4) од овој закон со пет опции за заокружување од кои едната е точна, две се слични и две не се точни.
(2) Кандидатот кој не го положил стручниот испит со првото полагање има право на две повторни полагања на стручниот испит во рок од шест месеци од денот на завршувањето на обуката.
(3) Кандидатот кој три пати едноподруго не го положил стручниот испит го губи правото за повторно полагање на стручниот испит предвиден со обуката.
(4) Бројот и тежината на прашањата од првиот дел од стручниот испит го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.”.

Член 41

Во членот 154-њ ставови (1) и (3) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 42

Во членот 154-о ставови (1), (2) и (3) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Во ставот (4) зборовите: „член 154-в став (3)“ се заменуваат со зборовите: „член 154-в став (4) и член 154г став (4)“.

Во ставовите (5), (6), (7) и (8) зборовите: „за актуар" се бришат.

Член 43

Во членот 154-п ставови (1), (2), (3) и (4) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 44

Во членот 154-р став (1) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 45

Во членот 154-с став (1) зборовите: „154-о став (2)“ се заменуваат со зборовите: „154-в став (4) и член 154-г став (4)“.

Член 46

Во членот 154-т став (1) зборовите: „став (3)“ се заменуваат со зборовите: „став (4) и член 154-г став (4)“.

Член 47

Во членот 154-ќ став (1) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 48

Во членот 154-у зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 49

Во членот 154-ф ставови (1) и (2) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Во ставот (4) бројот „112" и запирката се бришат. Во ставот (6) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 50

Во членот 154-х ставови (1), (2), (4) и (5) зборовите: „за актуар“ се бришат.

Член 51

Членовите 154-ц, 154-ч, 154-џ и 154-ш се бришат.

Член 52

Во членот 158-е став (3) се додаваат две нови точки 1-а) и 1-б), кои гласат:

„1-а) на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите;

1-б) кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;“.

Член 53

Во членот 165 став (1) точката 2) се менува и гласи:

„лице кое не ги исполнува условите од членот 28 од овој закон се именува за член на надзорен орган на друштвото за осигурување;”.

Точката 4) се брише.

Точките 5), 6), 7), 8), 9), 10) и 11) стануваат точки 4), 5), 6), 7), 8), 9) и 10).

Член 54

Во членот 166 став (3) втората реченица се брише.

Член 55

Во членот 167 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Доколку, Агенцијата утврди дека друштвото за осигурување не ги отстранило незаконитостите во роковите од членот 165 став (2) од овој закон, ги повторува незаконитостите за кои е изречена наредба согласно со членот 165 став (1) од овој закон или работи спротивно на правилата за управување со ризик, со решение презема една или повеќе од следниве дополнителни мерки:“.

Во точката 9) по зборовите: „органот на управување“ се додаваат зборовите: „надзорниот орган, одборот за ревизија или внатрешна ревизија“.

Во ставот (2) точка 6) по бројот „73“ се додаваат зборовите: „и 73-а“.

Точката 10) се брише.

Точките 11), 12) и 13) стануваат точки 10), 11) и 12).

Ставот (3) се менува и гласи:

„Во решението од ставот (1) на овој член, ќе се определи рок за спроведување на мерките и рок во кој друштвото за осигурување е должно до Агенцијата да достави извештај за преземените активности и документиран доказ дека се отстранети незаконитостите поради кои се изречени мерки кој не може да биде подолг од 180 дена од денот на доставувањето на решението.“ Ставот (4) се брише.

Член 56

Во членот 168 став (1) точката 3) се менува и гласи:
„не се отстранети незаконитостите или не се спроведени дополнителните мерки, а Агенцијата не вовела посебна управа;“.

Член 57

Во членот 168-б став (1) точка 1) зборовите: „ставови (1) и (3)“ се бришат.
Во ставот (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „кој не може да биде подолг од 12 месеци.“.
Ставот (4) се менува и гласи:
„Одлуката за воведување на посебна управа Агенцијата веднаш ја доставува за упис во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија.“ Ставот (5) се брише.

Член 58

Во член 168-в ставот (3) се менува и гласи:
„За посебен управител може да биде определено лице, вклучително и лице вработено во Агенцијата, кое ги исполнува условите од овој закон за член на орган на управување на друштво за осигурување.”.

Член 59

Во членот 168-д став (2) во воведната реченица зборовите: „девет месеца од денот на нејзино именување" се заменуваат со зборовите: „30 дена пред истекот на рокот од член 168-б став (2) на овој закон".

Член 60

Во членот 168-е став (2) зборовите: „три месеца се заменуваат со зборовите: „30 дена".

Член 61

Во членот 174 ставови (2) и (3) зборот „судот“ се заменува со зборовите: „Централниот регистар“.

Член 62

Во членот 182 став (1) зборовите: „до регистарскиот суд“ се бришат.

Член 63

Во членот 236-а став (1) точката 1) се менува и гласи:
„работи спротивно на одредбите од членовите 147, 148 став (5), 150, 150-а ставови (1) и (3), 152 став (3) и 156-а став (2) на овој закон и“.

Член 64

Во членот 237 став (1) точка 8) по бројот „73“ се додаваат зборовите: „и 73-а“.

Член 65

Во членот 237-а став (1) се додава нова точка 1), која гласи:
„1) не ги објави на својата веб страница условите на осигурување согласно со членот 52 став (2) од овој закон.“.
Точките 1), 2), 3), 4), 5) и 6) стануваат точки 2), 3), 4), 5), 6) и 7).

Член 66

Друштвата за осигурување, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурително брокерските друштва, лицата кои пред влегувањето во сила на овој закон, се стекнале со звање овластен актуар, застапник во осигурување и осигурителен брокер се должни да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 67

Постапките за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен актуар, за добивање дозвола за вршење на осигурителни брокерски работи и добивање дозвола за вршење на работи на застапување во осигурувањето, започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16 и 83/18).

Член 68

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 69

Одредбите на членот 12 од овој закон со кој во членот 66 се менува ставот (1) точката 3) и членот 13 од овој закон со кој се додава нов член 73-а ќе започнат да се применуваат со започнување на втората фаза од реализација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија во Европската Унија.

Член 70

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

____

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SUPERVIZION TË SIGURIMIT**

Neni 1

Në Ligjin për supervizion të sigurimit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16 dhe 83/18) në nenin 7 pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6) si vijon:

"(6) Filial i shoqërisë së huaj për sigurim nga paragrafi (1) pika 2) e këtij neni është personi juridik me leje për kryerje të punëve të sigurimit nga ana e Agjencisë për Supervizion të Sigurimit dhe me regjistrim në Regjistrin tregtar.".

Neni 2

Në nenin 14 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Aksionar me pjesëmarrje të kualifikuar në shoqëri për sigurim nuk mund të jetë person ose person juridik;

1) të cilit i është shqiptuar sanksion kundërvajtës ose dënim ndalesë për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës, në sferën e sigurimit dhe financave;

2) i cili për veprat penale kundër pronës, veprat penale kundër financave publike, qarkullimit pagesor dhe ekonomisë, veprat penale kundër detyrës zyrtare, si dhe veprat penale falsifikim të dokumentit, raste të veçanta të falsifikimit të dokumenteve, falsifikim kompjuterik, përdorim të dokumentit me përmbajtje të pasaktë dhe pseudosekretari nga Kodi penal është i dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor me dënim me burg pa kusht mbi gjashtë muaj, derisa zgjasin pasojat juridike nga aktgjykimi;

3) të cilit i është shqiptuar dënim dytësor:

- ndalim për marrje të lejes për themelim dhe punë të shoqërisë për sigurim,
- heqje të lejes për themelim dhe punë të shoqërisë për sigurim,
- ndalesë për themelim të personave të rinj juridikë dhe
- ndalesë të përkohshme ose të përhershme për kryerje të punëve të sigurimit;

4) i cili në tre vitet e fundit ka kryer funksion të personit me të drejta të veçanta dhe përgjegjësi në shoqëri për sigurim ose person tjetër juridik në të cilin është vendosur drejtori e veçantë ose mbi të cilën është hapur procedurë e falimentimit ose likuidimit, përveç nëse në mënyrë të qartë, në bazë të dokumenteve në dispozicion dhe të dhënave përcaktohet se personi nuk ka kontribuar për krijimin e kushteve për vendosje të drejtorisë së veçantë, procedurës së falimentimit ose likuidimit ose funksionin e ka ushtruar drejtpërdrejt para ose pas krijimit të shkaqeve të cilat kanë sjellë deri në vendosje të drejtorisë së veçantë, hapje të falimentimit ose zbatim të procedurës së likuidimit;

5) kundër të cilit është ngritur procedurë falimentimi ose procedurë likuidimi;

